Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 9**

**28.05.2012**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/1** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

406. Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ, бр..23/11 и 54/2011 год.), член 2 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација Сл.Весник на РМ, бр.56/2011 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2005) и член 43 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002) , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за Општина Демир Хисар**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** дека ќе се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти во и околу населените места на Општина Демир Хисар, односно ќе се донесат:

- Измени и дополнувања на Деталниот Урбанистички План (**ДУП**) за Демир Хисар;
- Измени и дополнувања на урбанистичките планови за населените места;
- Донесување на нови урбанистички планови;
- Проширување на опфатот на урбанистичките планови за населените места и за урбанистичките планови вон населените места;
- Усогласување на намената на земјиштето, согласно намената на бесправните објекти.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант, согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант, согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/2** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

**407.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 43 став 1 точка 43 и член 71 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ број 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на својата четириесет и прва седница одржана на ден 28.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,
согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу
Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со
Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Демир Хисар, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 07- 401/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетска сметка на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетска сметка на општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/3** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

**408.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 43 став 1 точка 43 и член 71 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ број 03/02), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Демир Хисар на својата четириесет и прва седница одржана на ден 28.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Демир Хисар за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката

за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Хисар да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со заддршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Демир Хисар до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11).

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

**Бр. 07- 401/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за одлагање на отпад од Општина Демир Хисар согласно барањата на ЕУ на регионално ниво**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за одлагање на отпад од Општина Демир Хисар согласно барањата на ЕУ на регионално ниво донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/4** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

409.Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09“ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2012 година расправајќи по Информацијата за одлагање на отпад од Општина Демир Хисар согласно барањата на ЕУ на регионално ниво го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за одлагање на отпад од Општина Демир Хисар согласно барањата на ЕУ на регионално ниво**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за пристапување на Пелагонискиот плански регион кон воведување на систем за регионално управување со отпад.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/6** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за воспоставување на систем за РИУО за Пелагонискиот плански регион**

1.Го објавувам Заклучокот за воспоставување на систем за РИУО за Пелагонскиот плански регион донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/5** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

410. Врз основа на член 14 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 година), член 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009 година), како и член 92 став 1 од Статутот

на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/2002 година), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.05.2012 година расправајќи по иницијативата за воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со цврст отпад во Пелагонискиот плански регион од страна на Советот за развој на Пелагониски плански регион ул."Борис Кидриќ" бр.24, Битола го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

за воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со цврст отпад во Пелагонискиот плански регион

1. СЕ ПРИФАЌА поднесената иницијатива од страна на Советот за развој на Пелагониски плански регион ул."Борис Кидриќ" бр.24, Битола за воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со цврст отпад во Пелагонискиот плански регион преку ИПА инструментот.
2. Се овластува Градоначалникот на општина Демир Хисар да го потпише Договорот за соработка за воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со цврст отпад во Пелагонискиот плански регион.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Демир Хисар".

**Бр. 07- 401/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2011/2012 година.**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2011/2012 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/6** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

411. Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09" Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2012 година разгледувајќи го Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2011/2012 година донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар за сезона 2011/2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/8** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за Предлог листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во населениет места и градот Демир Хисар во Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за Предлог листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во населениет места и градот Демир Хисар во Општина Демир Хисар донесен на

седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/7** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

**412.**Врз основа на член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 66/04), член 22 став 4 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар откако ја разгледа Предлог листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во населените места и градот Демир Хисар во Општина Демир Хисар, на седницата одржана на 28.05.2012 година донесе

З А К Л У Ч О К

1. Предлог Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во населениет места и градот Демир Хисар во Општина Демир Хисар, предложена од комисијата за изготвување предлог листа со имиња на истакнати личности, да се достави до Владата на Р Македонија заради добивање на согласност.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/9** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Иницијативата за отворање на подрачно училиште во с.Белче, ОУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијативата за отворање на подрачно училиште во с.Белче, ОУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/8** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

413. Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09“ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2012 година разгледувајќи го Иницијативата за отворање на подрачно училиште во с.Белче ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар донесе

З А К Л У Ч О К

За прифаќање на Иницијативата

1. СЕ ПРИФАЌА Иницијативата за отворање на подрачно училиште во с.Белче, ОУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар поднесена од жителите на с.Белче исто така подржана од ОУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар.

2. Советот на Општина Демир Хисар се согласува да спроведе постапката за отворање на ПУ во с.Белче во интерес на жителите на ова населено место.

3. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/10** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/9** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

**414.** Врз основа на член 10 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/02 ), а во согласност со член 155 точка 1 и 2 член 156, 157, 158 и 159 од Статутот на општина Демир Хисар ( „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ 3/02; 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на Општина Демир Хисар**

Член 1
Се одобрува изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на Општина Демир Хисар

Член 2
За измените во постојниот грб и за утврдување на знаме на општината Советот на општина Демир Хисар ќе распише конкурс и ќе формира комисија за спроведување на гореименуваната постапка

Член 3
За избраните идејни решенија кој ќе бидат утврдени од Советот на општината се утврдуваат награди.
Средствата определени за награди ќе се обезбедат од Буџетот на општината.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар

О б р а з л о ж е н и е

Грбот на Општина Демир Хисар е донесен и е во употреба од март 1979 година со Одлука на тогашното Собрани на општина Демир Хисар, а по пат на предходно распишан конкурс.
Грбот на општината претставува неправилна потковица. На горната половина во средината е обележана рударска корпа што виси на жичница. На левата страна исцртан е тутунов и дабов лист, а на десната страна има елементи на народен вез. Во долниот дел се прикажани Црна река и демирхисарското поле. Револверот и камата што се вкртени го симболизираат историското минато на демирхисарскиот крај.

Рударската вагонетка што виси го симболизира рудникот на железна руда. Русдникот Демир Хисар односно експлоатацијата на железна руда повеќе од две децении не постои. Се предлага отстранување на ова обележје, а на место него да се изврши измена.
Другите обележја на грбот – како дабовиот лист, тутуновиот лист народниот вез, вкрстени револвер и кама, Црна река и поле како обележја што не губат од својата актуелност и трајност се предлага да останат на изменетиот грб, но во нова рестилизирана и редизајнирана форма.
Општината Демир Хисар нема свое знаме. Па во согласност со Законот за локална самоуправа и Статутот на општината покрај грбот како свое автентично обележје треба да има и знаме. Се предлага во истата постапка за промена на постојниот грб да се спроведе и постапка за утврдување знаме на општината Демир Хисар.

**Бр. 07- 401/11** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/10** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

415. Врз основа на член 10 точка 4 од законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02) како и во согласност со член 155 точка 1 и 2 и член 156; 157; 158 и 159 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на 41 вата седница одржана на 28.05.2012 година донесе

О Д Л У К А

За распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар

Член 1

Со оваа одлука се распишува Конкурс за изработка на идејни решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар и утврдување награди за избрано идејно решение.

Член 2

Идејните решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општина Демир Хисар треба да бидат изработени со стилизиран приказ со употреба на симболи што се инспирирани, односно произлегуваат од македонската историја, традиција, културно наследство, обележјата, природните реткости, географските карактеристики, како и други карактеристики на општината Демир Хисар.

Во Конкурсот поблиску и попрецизно ќе бидат наведени условите и критериумите за избор на најдобри понудени решенија.

Член 3

Конкурсот е јавен и трае 30 дена од денот на објавувањето на официјалната веб страница на општина Демир Хисар.

Член 4

Право на учество на Конкурсот имаат сите правни и физички лица во РМ.

Член 5

Постапката за утврдување измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар ќе ја спроведе Комисијата формирана со одлука на Совет на општина Демир Хисар бр. 07-401/ 13 од 28.05.2012 година.

Член 6

Комисијата ја спроведува постапката за утврдување на измени на постојниот грб и ново знаме на општина Демир Хисар и има задача да ги прибере пристигнатите идејни решенија, да ги разгледа, да ги избере најдобрите и да му ги предложи на Советот на општината со цел утврдување на измени на постојниот грб и ново знаме.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Демир Хисар

**Бр. 07- 401/12** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за формирање на комисија за спроведување на постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за формирање на комисија за спроведување на постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/11** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

416. Врз основа на чл. 10, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 155, точка 1 и 2 од Статутот на Општината Демир Хисар (Сл. Гласник бр. 3/02; 4/05 и 7/09), како и чл. 6, 7 и 8 од Одлуката за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за измени и дополнувања на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар бр. 401/12, Советот на општината Демир Хисар, на 41-вата седница одржана на 28.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За формирање на Комисија за спроведување на постапка за утврдување на измени на постојниот грб на општината Демир Хисар и ново знаме на општината Демир Хисар**

Чл. 1

Претседател на Комисијата

Ванѓелко Лозановски, професор по македонски јазик и литература

За членови на Комисијата се избрани следниве лица:

1. Љубе Неделковски, ликовен уметник
2. Гоце Димовски, дипломиран режисер
3. Александар Тренчевски, дипломиран професор по историја
4. Бенита Чорбевска Советник при Советот на Општина Демир Хисар

Чл. 2

Комисијата ќе ја спроведе целокупната постапка во согласност со одредбите од јавниот оглас за изработка на идејни решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар, Одлуката за изменување на постојниот грб и утврдување на ново знаме на општината Демир Хисар, како и во согласност со закон и други акти на Советот на општината Демир Хисар.

Чл. 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Демир Хисар"

**Бр. 07- 401/13** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отуѓување на недвижен имот-Кланица во Демир Хисар сопственост на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за отуѓување на недвижен имот-Кланица во Демир Хисар сопственост на општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.05.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 413/12** **Општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

**417.** Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.05. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
за отуѓување на недвижен имот-Кланица во Демир Хисарсопственост на општина Демир Хисар

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отуѓување на недвижен имот-Кланица во Демир Хисар која се наоѓа брз К.П.бр.1786 во КО Демир Хисар.

**Член 2**

Согласно И.Л. бр. 775 за недвижен имот-Кланица предмет на отуѓување е следниот имот:
-Деловна зграда-Кланица со површина од 127 $м^2$;
-Земјиште под зграда со површина од 150 $м^2$;
-Земјиште под помошни згради со површина од 63 $м^2$;
-Земјиште под помошни објекти со површина од 6 $м^2$ и
-Земјиште покрај згради-двор со површина од 2.004 $м^2$.

**Член 3**

Отуѓувањето да се изврши во законски утврдена постапка по пат на непосредна спогодба и на одложено плаќање - на рати.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на општина Демир Хисар да ја спроведе процедурата за отуѓување на посочените недвижности во согласност со прописите.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 07-401/4** **Совет на општина Демир Хисар**
**28.05.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

-----------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за Општина демир Хисар ----------------------------------------1
2. Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант, согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка ---------- -------------------------------------------------------1-2
3. Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетска сметка на општина Демир Хисар -----------2-3
4. Заклучокот за усвојување на Информацијата за одлагање на отпад од Општина Демир Хисар согласно барањата на ЕУ на регионално ниво --------------------3
5. Заклучокот за воспоставување на систем за РИУО за Пелагонскиот плански регион --------------------------3-4
6. Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2011/2012 година------------------4
7. Заклучокот за Предлог листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во населениет места и градот Демир Хисар во Општина Демир Хисар-----------------5
8. Заклучокот за усвојување на Иницијативата за отворање на подрачно училиште во с.Белче, ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар----------------------------------------5
9. Одлука за изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на Општина Демир Хисар-------6
10. Одлука за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар----------------------------------------7
11. Одлука за формирање на комисија за спроведување на постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар--------------------------7-8
12. Одлука за отуѓување на недвижен имот-Кланица во Демир Хисар сопственост на општина Демир Хисар --8

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**